**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

Бр. 04-1311/18
22.07.2025

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на РСМ" број 275/2019, 14/2020, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на општина Неготино во постапка на унапредување на административен службеник преку интерен оглас донесе ,

# О Д Л У К А
## За избор на административен службеник

**1.** За извршител на работно место број 1 со шифра: УПР 01 01 Б04 000 и назив на работно место – Раководител на Одделение за урбанизам и заштита на животната средина, Сектор за урбанизам и заштита на животната средина, комунални работи и сообраќај и локален економски развој (1 извршител), се избира административниот службеник **ВЕСНА ЃОРЧЕВА.**

**2**. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука, ќе се донесе соодветно решение за распоредување на административниот службеник.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација на ден 07.07.2025 година по барање на општина Неготино на својата интернет страница објави интерен оглас бр.02/2025 година за унапредување на административен службеник во општинската администрација на општина Неготино за работно место број 1 - Раководител на Одделение за урбанизам и заштита на животната средина со шифра: УПР 01 01 Б04 000, Сектор за урбанизам и заштита на животната средина, комунални работи и сообраќај и локален економски развој. По спроведената селекција од страна на Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник на ден 18.07.2025 година и спроведеното интервју на ден 21.07.2025 година од страна на Секретарот на општина Неготино со единствениот кандидат, согласно Законот за административни службеници, Секретарот на општина Неготино изврши избор како во дипозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа одлука кандидатот има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација Скопје во рок од 8(осум) дена од објавување на одлуката на ВЕБ страницата на институцијата.**

**Секретар,**
**Марија Нацева**